Врз основа на член 6 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12 и бр.27/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година, донесе

О Д Л У К А

за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат цените на услугите за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци и тоа за :

- Подигнување и пренос на возило до депо Пајак по налог на овластено лице - 1.500,00 денари;

- Подигнување на возило од зелена површина, по налог на комунален инспектор и пренос на возилото -1.500,00 денари;

- Поставување/отстранување на механичко средство – лисици за блокирање на возило - 1000,00 денари ,
(во случај на поставување/отстранување покрај износот од 1000,00 денари е должен да плати цена на паркирање за соодветната зона согласно тарифата).

-Подигнување на непрописно паркирано возило по налог на овластено лице, кога сопственикот се појавува на лице место и самостојно го отстранува - 1.000,00 денари ;

Цените се со вклучен ДДВ .

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.07-4925/4
30.10.2014 година
Кавадарци

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
М-р Горица Пеливанова - Вилхелм